## Внатрешно упатство: Информации за корисникот

## Левемир® ФлексПен® 100 единици/ml раствор за инјектирање во наполнето инјекциско пенкало

## Insulin detemir

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи информации кои се важни за Вас.**

- *Чувајте го ова упатство. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар, сестра или Вашиот фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично. Не треба да им го давате на други лица. Може да им наштети дури и ако нивните симптоми на заболување се исти како и Вашите.*
- *Доколку добиете некој од несаканите дејства, разговарајте со Вашиот лекар, сестра или фармацевт. Ова ги вклучува и оние несакани дејства што не се назначени во ова упатство. Погледнете во делот 4.*

**Упатството за пациентот содржи:**


1. Што претставува Левемир® и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да го земете/употребите Левемир®
3. Како да го земате/употребувате Левемир®
4. Можни несакани дејства (реакции)
5. Како да го чувате Левемир®
6. Содржина на пакување и други информации


## 1. Што претставува Левемир® и за што се употребува

Левемир® е современ инсулин (инсулински аналог) со долго дејство. Современите инсулини се подобрена генерација на хуманите инсулини.

Левемир® се употребува за намалување на нивото на крвниот шеќер кај возрасни, адолесценти и деца на возраст од 1 година и повеќе со дијабетес мелитус (дијабетес). Дијабетес е болест кога Вашето тело не произведува доволно инсулин за да го регулира нивото на крвен шеќер.

Левемир® може исто да се користи со инсулини за оброк со брзо дејство.

При третман на дијабетес мелитус Тип 2, Левемир® може исто така да се користи во комбинација со таблети за дијабетес и/или со анти-дијабетични производи со инјектирање, кои не се инсулин.

Левемир® има долга и стабилна активност на намалување на крвниот шеќер за време од 3 до 4 часа по инјектирањето. Левемир® овозможува базална инсулинска покриеност до 24 часа.

## 2. Што мора да знаете, пред да го земете/употребите Левемир®

### Не го земајте/употребувајте Левемир®, ако:

- сте алергични на инсулин детемир или на која било од другите помошни супстанции во овој лек (Ве молиме видете во делот 6 Содржина на пакување и други информации).
- се сомневате дека почнува хипогликемија (низок крвен шеќер) (погледнете во делот а) Збирно резиме на сериозни и многу вообичаени несакани дејства во делот 4.
- во инсулински инфузиони пумпи
- ако ФлексПен® Ви паднал, е оштетен или скршен
- не се чувал соодветно или бил замрзнат (видете во делот 5 Како да го чувате Левемир®)
- инсулинот не изгледа водено бистар, безбоен и водлест.

Ако било што од ова се однесува на Вас, немојте да го користите Левемир®. Разговарајте со Вашиот лекар, сестра или фармацевт за совет.

### Пред да употребите Левемир®

- Проверете ја налепницата за да се осигурате дека го содржи бараниот тип на инсулин
- Секогаш користете нова игла за секое инјектирање за да се превенира контаминираност на иглата
- Иглите и Левемир® ФлексПен® не смеат да се делат со други лица.
- Левемир® ФлексПен® е соодветен само за поткожна употреба. Доколку треба да инјектирате инсулин со друг метод, зборувајте со Вашиот доктор.
-

### Предупредување и претпазливост

Некои состојби и активности може да имаат влијание на Вашата потреба за инсулин. Консултирајте го Вашиот лекар ако:

- имате проблеми со Вашите бубрези или црн дроб, надбубрежните жлезди, хипофизата или штитната жлезда,

- вежбате повеќе од вообичаено или доколку сакате да ја смените Вашата вообичаена исхрана, затоа што тоа може да влијае на Вашето ниво на крвен шеќер,
- сте болни: продолжете да го употребувате Вашиот Инсулин и консултирајте се со Вашиот лекар,
- патувате во странство: временската разлика меѓу земјите може да има влијание на Вашата потреба од инсулин и на времето за инјектирање, имате многу ниско ниво на албумин, ќе треба многу внимателно да го мониторирате Вашиот крвен шеќер. Разговарајте за ова со Вашиот лекар.

**Кожни промени на местото на инјектирање**

Местото на инјектирање треба да се ротира за да се помогне во спречување на промени на масното ткиво под кожата, како што се задебелување на кожата, затегање на кожата или грутки под кожата. Инсулинот може да не дејствува соодветно доколку го инјектирате во грутка, во затегната или задебелена област на кожата (погледнете го делот 3 „Како да земате/употребувате Левемир®". Известете го вашиот лекар доколку забележите промени на кожата на местото на инјектирање. Известете го вашиот лекар доколку моментално инјектирате во овие афектирани области на кожата пред да почнете да инјектирате во друга област. Вашиот лекар може да ве советува повнимателно да го проверувате нивото на шеќерот во крвта и да го прилагодите инсулинот или дозата на другите антидијабетични лекови.

## Деца и адолесценти

Левемир® може да се дава кај адолесценти и деца на возраст од 1 година и повеќе.

Безбедноста и ефикасноста на Левемир® кај деца на возраст под 1 година не е потврдена. Не се достапни податоци.

## Други лекови и Левемир®

Кажете му на Вашиот лекар, сестра или фармацевт доколку земате или неодамна сте земале или би земале некој друг лек
Некои лекови влијаат на нивото на шеќерот во Вашето тело и тоа може да значи дека е потребно Вашата инсулинска доза да се промени. Подолу се наведени најчестите лекови што можат да имаат влијание на Вашиот инсулински третман.

Ако земате било кој од наведениве лекови нивото на Вашиот крвен шеќер може да се намали (хипогликемија):

- Други лекови за третман на дијабетес
- Инхибитори на моноаминооксидаза (МАОИ)(се употребуваат при третман на депресија)
- Бета-блокатори (се употребуваат при третман на висок крвен притисок)
- Инхибитори на ангиотензин конвертирачки ензим (АКЕ) (се употребуваат при третман на одредени срцеви нарушувања или висок крвен притисок)
- Салицилати (се употребуваат за ослободување од болка и за намалување на симптомите на треска)
- Анаболни стероиди (како тестостерон)
- Сулфонамиди (се употребуваат при третман на инфекции).

Ако земате кој било од наведениве лекови нивото на Вашиот крвен шеќер може да се покачи (хипергликемија):

- Орални контрацептиви (таблети за контрола на забременување)
- Тиазиди (се употребуваат при третман на висок крвен притисок или прекумерна задршка на течности)
- Глукокортикоиди (како кортизон кој се употребува при третман на воспаление)
- Тироидни хормони (се употребуваат при третман нарушена функција на штитната жлезда)
- Симпатомиметици (како епинефрин [адреналин], или салбутамол, тербуталин се употребуваат при третман на астма)
- Хормон за раст (лек за стимулирање на скелетниот и соматскиот раст и има изразено влијание на телесните метаболни процеси)
- Даназол (лек кој дејствува на овулацијата).

Октреотид и ланреотид (се употребуваат при третман на акромегалија ретко хормонално заболување кое обично се јавува кај пациенти во средна возраст, а предизвикано од произведување на преголема количина на хормон за раст од страна на хипофизата) може да го зголемат или намалат нивото на Вашиот крвен шеќер.

Бета-блокатори (се употребуваат при третман на висок крвен притисок) може целосно да ги ослабат или супримираат првите предупредувачки симптоми кои може да Ви помогнат да ја препознаете хипогликемијата.

Пиоглитазон (орален антидијабетик што се користи за третман на дијабетес мелитус тип 2)

Кај некои пациенти со долготраен дијабетес мелитус тип 2 и срцево заболување или претходен мозочен удар кои биле третирани со пиоглитазон и инсулин се има јавено срцева слабост. Информирајте

го Вашиот лекар што е можно поскоро доколку сте почувствувале знаци на срцева слабост како невообичаено губење на здивот или рапидно зголемување на тежината или локализирано отекување (едема).

Ако сте земале некои од горе споменатите лекови, кажете му на Вашиот доктор, фармацевт или медицинска сестра

**Земање/употребување на Левемир® со алкохол**

- Ако пиете алкохол Вашата потреба за инсулин може да се промени, поради тоа што нивото на Вашиот крвен шеќер може или да се покачи или да се намали. Се препорачува внимателно мониторирање.

**Бременост и доење**

- Ако сте бремена, мислите дека сте бремена или планирате да имате бебе, Ве молиме консултирајте го Вашиот лекар за совет пред да го земете овој лек. Вашата инсулинска доза може ќе биде потребно да се промени во текот на бременоста и после породувањето. Внимателна контрола на Вашиот дијабетес и особено превенција од хипогликемија се важни и за здравјето на Вашето бебе
- Ако доите, консултирајте го Вашиот лекар затоа што можеби ќе треба да ја прилагоди Вашата инсулинска доза, додека сте бремени или доите.

Обратете се за совет кај Вашиот лекар, сестра или фармацевт пред да земете каков било лек.

**Возење и употреба на машини**

- Ве молиме прашајте го Вашиот лекар дали може да возите автомобил или ракувате со машини ако:
- Имате чести хипогликемии
- Имате потешкотија во препознавање на хипогликемијата.

Ако нивото на Вашиот крвен шеќер е ниско или високо, може да влијае на Вашата концентрација и способност да реагирате, што пак може да влијае на Вашата способност да возите автомобил или да ракувате со машина. Имајте предвид дека може да се доведете во опасност себеси или другите.

**Важна информација за некоја од помошните состојки на Левемир®**

Левемир® содржи помалку од 1 mmol натриум (23 mg) на доза, односно Левемир® е во основа „лек без натриум".

## 3. Како да го земате/употребувате Левемир®

### Дозирање и кога да го земете Вашиот инсулин

Секогаш користете го инсулинот и прилагодете ја дозата како што Ви кажал докторот. Проверете со Вашиот лекар, сестра или фармацевт доколку не сте сигурни.

Левемир® може да се користи со инсулини за оброк со рапидно или брзо дејство. При третман на дијабетес мелитус тип 2, Левемир® може исто така да се користи во комбинација со таблети за дијабетес и/или со анти-дијабетични производи со инјектирање, кои не се инсулин.

Не менувајте го инсулинот сé додека Вашиот лекар не Ви каже тоа да го направите.

Вашата доза може да е потребно да се прилагоди од страна на Вашиот лекар ако:

- Ако Вашиот лекар Ве префрла од еден на друг тип или марка инсулин, или
- Вашиот лекар Ви воведе друг лек за третман на дијабетес, како дополнување на Вашиот третман со Левемир®.

### Употреба кај деца и адолесценти

Левемир® може да се користи кај адолесценти и деца од 1 година и повеќе.

Нема искуство за употреба на Левемир® кај деца кои се под возраст од 1 година.

### Употреба кај посебна популација

Доколку имате намалена бубрежна или црнодробна функција или доколку сте постари од 65 години, потребно е да го проверувате Вашиот крвен шеќер многу почесто и да разговарате за промените на Вашата инсулинска доза со Вашиот лекар.

### Честота на администрирање

Кога Левемир® се користи во комбинација со орални антидијабетици и/или во комбинација со анти-дијабетични лекови со инјектирање кои

не се инсулин, Левемир® треба да се админстрира еднаш дневно. Кога Левемир® се користи како дел од базал-болус инсулински режим, Левемир® треба да се администрира еднаш или два пати дневно во зависност од потребите на пациентот. Дозата на Левемир® треба да се прилагоди индивидуално. Инјекцијата може да биде дадена во било кое време од денот, но во исто време секој ден. Кај пациенти кај кои што е потребно дозирање два пати дневно за да се оптимизира контролата на шеќерот во крвта, вечерната доза може да се администрира навечер или пред спиење.

**Како и каде да инјектирате**

Левемир® е наменет за поткожно инјектирање (супкутано). Не смеете никогаш да го инјектирате инсулинот директно во вена (интравенски) или мускул (интрамускулно). При секое инјектирање, менувајте ги местата на инјектирање во рамките на истата регија која ја користите. Ова може да доведе до намалување на ризикот од развој на јазли или вовлекување на кожата (погледнете го делот *4 Можни несакани дејства (реакции)*. Најдобри места за самоинјектирање на инсулин се предниот дел на надколеницата, предната страна на половината (абдоменот) или надлактицата. Се препорачува редовно да го мерите Вашиот крвен шеќер.

**Како да го користите Левемир® ФлексПен®**

Левемир® ФлексПен® е наполнето, кодирано во боја, пенкало за еднократна употреба кое содржи инсулин детемир.

Внимателно прочитајте ги инструкциите за употреба кои се вклучени во ова упатство. Мора да го користите пенкалото како што е објаснето во Инструкциите за употреба.

Секогаш бидете сигурни дека го користите точното пенкало пред да го инјектирате Вашиот инсулин.

**Ако сте земале повеќе инсулин отколку што Ви е потребно**

Доколку сте земале повеќе инсулин Вашиот крвен шеќер многу ќе се намали (хипогликемија). Видете во а. Збирно резиме со сериозни и многу чести несакани дејства во делот 4.

**Ако сте заборавиле да земете инсулин**

Ако сте заборавиле да земете инсулин Вашиот крвен шеќер може многу да се покачи (хипергликемија).
Видете с. Ефекти од дијабетесот во делот 4

## Ако престанете да земате Левемир®

Не престанувајте со користење на Вашиот инсулин сѐ додека Вашиот лекар не Ви каже дека е потребно да престанете.Тоа може да доведе до тешка хипергликемија (многу покачен крвен шеќер) и кетоацидоза. Видете под с) Ефекти од дијабетесот во делот 4.

Доколку имате дополнителни прашања за употребата на овој производ, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. Можни несакани дејства (реакции)

Како и сите лекови, и овој лек може да има несакани дејства, иако не секој може да ги добие.

### а. Збирно резиме на сериозни и многу чести несакани дејства

**Низок крвен шеќер (хипогликемија)** е многу чест несакан ефект. Тоа може да се појави кај повеќе од 1 на 10 луѓе.

Низок крвен шеќер може да се појави ако:

- Инјектирате премногу инсулин.
- Јадете многу малку или го пропуштате оброкот,
- Вежбате повеќе од вообичаено,
- Пиете алкохол (видете во дел 2 Пиење алкохол и земање Левемир®).

Знаци на низок крвен шеќер: Студена пот, студена бледа кожа, главоболка, забрзано срцебиење, лошење, чувство на голема глад, привремени промени во видот, сонливост, невообичаен замор и слабост, нервоза или тремор, чувство на анксиозност, чувство на конфузија, тешкотии во концентрацијата

Сериозно низок крвен шеќер може да доведе до бесознание. Доколку пролонгираната тешка хипогликемија не се третира, може да доведе до оштетување на мозокот (привремено или трајно) па дури и со смрт. Може да се опоравите многу брзо од бесознание со инјектирање на хормонот глукагон од страна на лице кое е обучено како да го даде. Доколку Ви е даден глукагон, ќе Ви треба гликоза или шеќерна ужинка веднаш штом се освестите. Доколку не одговорите на третманот со глукагон, мора да бидете задржани во болница

Што да направите доколку почувствувате низок крвен шеќер:

- Доколку почувствувате низок крвен шеќер, земете гликозни таблети или друг производ што содржи многу шеќер (на пр.бонбони, бисквити, овошен сок). Измерете го Вашиот крвен шеќер доколку е можно и одморете се. Секогаш со себе носете глукозни таблети или друг производ што содржи многу шеќер, за секој случај,
- Кога симптомите на хипогликемија ќе исчезнат или кога нивото на Вашиот крвен шеќер е стабилизирано, продолжете со инсулинската терапија,
- Доколку имате ваков низок крвен шеќер поради кој ја губите свеста, доколку сте имале потреба од инјекција глукагон, или доколку сте почувствувале многу епизоди на низок крвен шеќер, разговарајте со Вашиот лекар. Количината или времето на давање на инсулин, храната или вежбањето можеби ќе треба да се прилагодат.

Кажете им на луѓето кои ги засега дека имате дијабетес и кои се последиците, вклучувајќи го и ризикот од губење на свеста (бесознание) поради многу низок крвен шеќер. Кажете им на луѓето дека доколку се онесвестите (ја изгубите свеста), треба да Ве свртат на страна и веднаш да побараат медицинска помош. Не смеат да Ви дадат ништо да јадете или пиете ако не сте во свесна состојба затоа што така може да се задушите.

**Сериозна алергиска реакција** на Левемир® или на некој од неговите помошни супстанции (наречена системска алергиска реакција) е многу ретко несакано дејство, но може потенцијално да биде животозагрозувачки. Може да се појави кај помалку од 1 на 10,000 луѓе.

Веднаш побарајте медицинска помош:
- Доколку симптомите на алергија се прошират и на други места на телото.
- Доколку ненадејно се почувствувате лошо, и почнете да се потите, Ви се лоши (повраќате), имате тешкотии со дишењето, забрзано срцебиење, чувство на зашеметеност.
- Доколку почувствувате некој од овие симптоми, побарајте медицинска помош веднаш.

Кожни промени на местото на инјектирање
Ако инјектирате инсулин на исто место, масното ткиво може да се затегне (липоатрофија) или да се задебели (липохипертрофија) (може да се појави кај 1 од 100 корисници). Грутките под кожата исто така можат да бидат предизвикани од насобирање на протеини и ова е наречено амилоидоза (кожна амилоидоза; не е познато колку често се случува). Инсулинот може да не дејствува соодветно доколку го

инјектирате во грутки, затегната или задебелена област на кожата. Променете го местото на инјектирање при секоја инјекција за да се помогне спречувањето на кожни промени.

## b. Листа на други несакани дејства

### Невообичаени несакани дејства (реакции)

Може да се појават кај помалку од 1 на 100 луѓе.

Знаци на алергија. Локална алергиска реакции (болка, црвенило, осип, воспаление, модринки, оток и јадеж) можат да се појават на местото на инјектирање. Вообичаено е овие реакции да се изгубат во текот на неколку недели од употребата на инсулин. Ако не се изгубат, или ако се рашират по Вашето тело, консултирајте сѐ веднаш со Вашиот лекар. Видете исто така во Сериозни алергиски реакции погоре.

Проблеми со видот. На почетокот од инсулинскиот третман, можат да се појават пречки со видот, но најчесто оваа реакција со времето исчезнува.

Оток на зглобовите. Кога ќе почнете со инсулинскиот третман може да дојде до појава на задржување на течностите и натекување околу скочните и другите зглобови. Набрзо оваа појава исчезнува. Доколку не исчезне, разговарајте со Вашиот лекар.

Дијабетична ретинопатија. (заболување на окото поврзано со дијабетес кое може да доведе до губење на видот): Доколку имате дијабетична ретинопатија и нивото на Вашиот шеќер во крвта се подобрува многу брзо, ретинопатијата може да се влоши. Консултирајте сѐ со Вашиот лекар во врска со ова.

### Ретки несакани дејства (реакции)

Може да се јават кај помалку од 1 на 1.000 луѓе.

Болна невропатија. (болка поради оштетување на нервот): Доколку нивото на Вашиот шеќер во крвта се подобрува многу брзо, може да имате болка поврзана со нервите, позната како акутна болна невропатија која е најчесто од минлив карактер.

Пријавување на несакани дејства
Доколку добиете кое било несакано дејство, разговарајте со Вашиот лекар, сестра или фармацевт. Ова ги вклучува и сите несакани

дејства кои не се наведени во ова упатство. Можете да ги пријавите директно и преку националниот систем за пријавување на несакани дејства. Со пријавувањето на несаканите дејства, Вие помагате во добивање на повеќе информации за безбедноста на лекот.

### с. Ефект од дијабетесот

### Висок крвен шеќер (хипергликемија)

Висок крвен шеќер може да се појави ако Вие:

- Сте си дале помалку инсулин.
- Сте заборавиле да си инјектирате инсулин или сте престанале да земате инсулин,
- Постојано си давате помалку инсулин отколку што Ви е потребно.
- Имате инфекција и/или треска.
- Јадете повеќе од вообичаено.
- Имате помала физичка активност од вообичаено.

Предупредувачките знаци на висок крвен шеќер:
Предупредувачките знаци се појавуваат постепено. Тие вклучуваат: зголемено мокрење, чувство на жед, губење на апетитот, лошење (гадење или повраќање), чувство на сонливост или замор, црвена сува кожа, сува уста и здив со мирис на овошје (ацетон).

Што да направите ако почувствувате висок крвен шеќер:

- Ако Ви се јави кој било од горенаведените знаци: проверете го нивото на крвниот шеќер, присуството на кетонски тела во урината, веднаш побарајте лекарска помош,
- Ова може да се знаци на сериозна состојба наречена дијабетична кетоацидоза (покачување на киселини во крвта поради тоа што телото ги топи мастите наместо јаглехидратите). Доколку истата не се лекува може да предизвика дијабетична кома и евентуално смрт.

## 5. Како да го чувате Левемир®

Лекот чувајте го вон дофат и вид на деца.
Не употребувајте го овој лек по истекувањето на рокот на употреба означен на налепницата од ФлексПен® или на пакувањето, по **Важи до**. Рокот на траење се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Секогаш чувајте го капачето на Вашиот ФлексПен® кога не го употребувате, со цел да го заштитите од светлина. Левемир® мора да биде заштитен од прекумерна топлина и сончева светлина.

**Пред отварање:** Левемир® ФлексПен® што не се употребува треба да се чува во фрижидер од 2°C до 8°C, подалеку од делот за ладење. Да не се замрзнува.

**За време на употреба или кога се носи како резерва:** Левемир® ФлексПен® можете да го носите со Вас и да го чувате на температура не повисока од 30°C или во фрижидер (2°C до 8°C) до 6 недели. Ако се чува во фрижидер, да се чува подалеку од делот за ладење. Да не се замрзнува.

Лековите не смее да се отстранат преку вода или домашно ѓубре. Прашајте го Вашиот фармацевт како да го отстраните лекот кој повеќе не Ви е потребен. Овие мерки ќе помогнат во зачувување на животната средина.

## 6. Содржина на пакување и други информации

### Што содржи Левемир®

- Активната супстанција е инсулин детемир. Секој ml содржи 100 единици на инсулин детемир. Секое наполнето пенкало содржи 300 единици на инсулин детемир во 3 ml раствор за инјектирање. 1 единица инсулин детемир е еквивалентна на 1 интернационална единица на хуман инсулин.
- Помошни супстанции се: глицерол, фенол, метакрезол, цинк ацетат, динатриум фосфат дихидрат, натриум хлорид, хлороводородна киселина, натриум хидроксид и вода за инјекции.

### Како изгледа Левемир® и содржина на пакување

Левемир® е достапен како раствор за инјектирање.
Пакување: 5 наполнети пенкала од 3 ml.

### Име и адреса на носителот на одобрението за ставање на лек во промет

Ново Нордиск Фарма дооел
Ул. Никола Кљусев бр.11
1 000 Скопје, Македонија

### Производител

Производителот може да се идентификува според серискиот број отпечатен на надворешното пакување и на налепницата:

- Ако втората и третата ознака се S6, P5, K7, R7, VG, FG или ZF производител е Novo Nordisk A/S, Novo Allè, DK-2880 Bagsvaerd, Denmark.

- Ако втората и третата ознака се H7 или T6, производител е Novo Nordisk Production SAS, 45 Avenue d'Orleans, F-28000 Chartres, France

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Број и датум на решението за промет**:

**Датум на последната ревизија на упатството**
Април 2021

*Левемир®, ФлексПен®, НовоФаин® и НовоТвист® се трговски марки во сопственост на Ново Нордиск А/С Данска.*

*©2021*
*Ново Нордиск А/С*

**За информација како да го употребувате ФлексПен®, Ве молиме свртете на другата страна**.

**Инструкции како да го употребувате Левемир® раствор за инјектирање во ФлексПен®.**

**Внимателно прочитајте ги следниве упатства пред да почнете да го употребувате ФлексПен®.** Ако не ги следите внимателно инструкциите, може да внесете премала или преголема количина на инсулин, што може да доведе до превисоко или прениско ниво на крвен шеќер.

ФлексПен® е претходно наполнето, пенкало со можност за бирање од по една единица од дозите. Можете да бирате дози од 1 до 60 единици, со зголемување по една единица. ФлексПен® е специјално направен да се користи со НовоФаин® или со НовоТвист® игли за еднократна употреба со должина до 8 mm.
Како превентивна мерка, секогаш со себе носете резервно инсулинско помагало за испорака во случај вашиот ФлексПен® да се изгуби или оштети.




**Водење грижа за вашет пенкало**
Со вашиот ФлексПен® мора внимателно да ракувате.
Доколку Ви падне, се оштети или скрши, постои ризик од истекување на инсулинот. Ова може да доведе до несоодветно дозирање, а со тоа и до превисоки или прениски нивоа на крвен шеќер.

Надворешниот дел од ФлексПен® можете да го чистите со медицински памук. Немојте да го потопувате, да го миете или подмачкувате, тоа може да го оштети неговиот механизам.

Немојте да го полните вашиот ФлексПен®.

**Подготовка на Вашиот Левемир® ФлексПен®**

**Проверете го името и бојата на налепницата на пенкалото, за да се осигурате дека** вашиот ФлексПен® го содржи бараниот тип инсулин**.** Ова е особено важно ако земате повеќе од еден тип на инсулин. Доколку земете погрешен тип на инсулин, нивото на крвен шеќер може да биде прениско или превисоко.

**A**
Извадете го капачето.




**B**
Извадете ја заштитната мембрана од новата игла за еднократна употреба

Навртете ја иглата право и цврсто на Вашиот ФлексПен®.




**C**

Извлечете го големото надворешно капаче и чувајте го за подоцна.




**D**
Извлечете го внатрешното капаче на иглата и фрлете го

Никогаш не пробувајте да го вратите внатрешното капаче назад на иглата. Може да се боцнете со иглата




⚠ Секогаш користете нова игла за секое инјектирање за да се намали ризикот од контаминација, инфекција, истекување на инсулин, блокирање на иглата и несоодветно дозирање

⚠ Бидете внимателни да не ја свиткате или оштетите иглата пред употреба

**Проверка на протокот на инсулин**

**Пред секое инјектирање мали количества воздух може да се соберат во патронот за време на редовната употреба. За да избегнете инјектирање воздух и за да обезбедите правилно дозирање:**

**E**
Свртете го бирачот за доза за да изберете 2 единици.




AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE * SHKUP * АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**F**

Држете го вашиот ФлексПен® со иглата нагоре и нежно потчукнете го со прст патронот неколку пати за да се соберат воздушните меури на врвот од патронот.



**G**
Држејќи ја иглата нагоре, целосно притиснете го копчето за притискање. Бирачот за доза се враќа на 0.

На врвот од иглата треба да се појави капка инсулин. Доколку не се појави капка, сменете ја иглата и повторете ја постапката најмногу до шест пати.

Ако сè уште не се појави капка инсулин, пенкалото е дефектно и треба да се употреби ново пенкало)



⚠ Секогаш осигурајте се дека ќе се појави капка на врвот на иглата пред да инјектирате, со што ќе бидете сигурни дека има проток на инсулин. Ако не се појави капка, нема да инјектирате инсулин, дури и кога бирачот на доза ќе се движи. Ова може да наведува на блокирана или оштетена игла.

⚠ Секогаш проверете го протокот пред да инјектирате. Ако не го проверите протокот, може да внесете или премалку инсулин или воопшто да не внесете инсулин.

**Бирање на дозата**

**Проверете дали бирачот за доза е наместен на 0.**

**H**
Свртете го бирачот за доза за да го изберете бројот на единици што треба да ги инјектирате.

Дозата може да биде корегирана со вртење на бирачот на доза нанапред или наназад во двете насоки сè додека потребната доза не



SHKUP СКОПЈЕ

се појави во линија со покажувачот. При вртењето на бирачот за доза бидете внимателни да не го притиснете копчето за притискање, што би довело до истекување на инсулинот надвор.

Не можете да изберете доза поголема од бројот на единиците останати во патронот.




⚠ Секогаш користете го бирачот на дози и покажувачот за да видите колку единици сте избрале, пред да инјектирате инсулин.

⚠ Немојте да ги броите кликнувањата на пенкалото. Ако селектирате и инјектирате погрешна доза, нивото на крвен шеќер може да биде превисоко или прениско. немојте да ја користите скалата за остаток, бидејќи покажува само приближно колку инсулин е останат во пенкалото.

**Инјектирање**

**Внесете ја иглата низ Вашата кожа. Користете ја техниката на инјектирање препорачана од Вашиот лекар или сестра.**

**I**

Инјектирајте ја дозата притискајќи го копчето за притискање докрај сè додека 0 не се појави во линија со покажувачот. Внимавајте копчето за притискање да го притиснете само кога инјектирате.

Со вртење на бирачот за доза нема да се инјектира инсулинот.



**J**
Притискајте го копчето докрај по инјектирањето најмалку 6 секунди. Со ова ќе се осигурате дека сте го инјектирале целиот инсулин.с

Извлечете ја иглата од кожата, и потоа ослободете го копчето за притискање.

Секогаш бидете сигурни дека бирачот на доза се вратил на 0 после инјекцијата. Ако бирачот на доза застане пред 0, значи дека целата доза не била инјектирана, што може да доведе до превисоки нивоа на крвен шеќер.



**K**
Ставете ја иглата во големото надворешно капаче без да го допирате големото надворешно капаче на иглата. Кога иглата е покриена, внимателно притиснете го големото надворешно капаче до крај и потоа одвртете ја иглата.

Отстранете ја внимателно и ставете го капачето назад на Вашиот ФлексПен®.



⚠ Секогаш отстранете ја иглата после секое инјектирање и чувајте го Вашиот ФлексПен® без ставена игла на него. Со ова се намалува ризикот од контаминација, инфекција, истекување на инсулин, блокирање на иглата и несоодветно дозирање.

**Останати важни информации**

- ⚠ Негователите мора да бидат внимателни кога употребуваат користени игли со цел да се спречи боцнување со иглите и пренесување на инфекции.
- ⚠ Отстранете го употребениот ФлексПен® внимателно кога нема игла на него.
- ⚠ Немојте да го делите пенкалото или иглата со никого, бидејќи може да доведе до преносна инфекција.
- ⚠ Немојте да го делите Вашето пенкало со никого, бидејќи вашиот лек може да биде штетен по нивното здраје.
- ⚠ Секогаш чувајте го вашете пенкало и игли вон дофат од другите, особено од деца.